Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 декември 2002 година.

Бр. 07-4749/1
24 декември 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), во членот 11 ставот (2) се менува и гласи:

"Државните службеници, освен генералните, државните секретари и државните службеници во Кабинетот на претседателот на Републиката, Канцеларијата на претседателот на Владата и Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, се вработуваат преку јавен оглас објавен најмалку во два дневни весници."

Член 2

Во членот 97 бројот "2003" се заменува со бројот "2004".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".